Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43,14, 153/15 , 6/16 и 83/18), член 20 став 3 и член 42 став 2 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување на Одлуката за начинот и условите за евидентирање и поднесување извештаи за склучените кредитни работи**

1. Во Одлуката за начинот и условите за евидентирање и поднесување извештаи за склучените кредитни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 173/15), точката 8, се менува и гласи:

„При поединечното известување, известувачот поднесува барање до Народната банка за поединечно евидентирање кредитна работа со нерезидентот, при што задолжително доставува:
- пополнети обрасци согласно со упатствата донесени врз основа на оваа одлука; и
- други документи на барање на Народната банка.

При поединечното известување, субјектите од јавниот сектор задолжително доставуваат до Народната банка и писмен договор за кредит склучен со нерезидент.

Субјектите од јавниот сектор ги опфаќаат:

- државата – којашто се состои од: владините единици на сите нивоа – централна и локална власт;  сите социјални фондови на сите нивоа на владата; и сите непазарни непрофитни институции коишто се контролирани или финансирани од владините институции;
- јавните нефинансиски друштва – контролирани од владините институции, при што под контрола се подразбира можноста да се одредува политиката на управување со претпријатието преку назначување директори; преку сопственост од над 50% од гласачкото тело; или преку специјален акт, декрет или регулатива со кој се овозможува владата да ја одредува деловната политика или да назначува раководни лица;
- јавните финансиски друштва – депозитни и недепозитни финансиски посредници, основани и контролирани од државата."

2. Оваа одлука стапува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2018 година.

**О бр. 02-15/X-3/2018**
**31 мај 2018 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Предлог-измените на Одлуката за начинот и условите за евидентирање и поднесување извештаи за склучените кредитни работи имаат за цел понатамошно поедноставување на процедурата за евиденција на кредитните работи со нерезидентите. Притоа, се предлага намалување на обемот на документацијата потребна за евидентирање на кредитните работи, што ќе доведе до намалување на товарот за известување, како и рационализација на работењето во Народната банка.

Со предложените измени на Одлуката за начинот и условите за евидентирање и поднесување извештаи за склучените кредитни работи, се предвидува известувачите до Народната банка, задолжително да доставуваат само пополнет НД/НП образец. Во процесот на евидентирање на кредитната работа со нерезиденти, повеќе нема да се бара задолжително доставување на договор за кредит. Притоа, Народната банка го задржува правото да побара на увид и дополнителни документи (вклучително и договор за кредит), само заради проверка на точноста и квалитетот на податоците наведени во обрасците за евиденција на кредитните работи склучени со нерезиденти. Ова пред се се однесува на проверка на основните елементи на кредитната работа (износ, рок и начин на отплата, камата, вид на капитална поврзаност, и сл.) наведени во доставените обрасци.

Предложеното поедноставување на постапката за евиденција на кредитните работи нема да се однесува на субјектите од јавниот сектор[1] (држава, јавни нефинансиски и финансиски друштва). Потребата од располагање со детални податоци за јавниот надворешен долг, како и обврските за известување кон меѓународните организации, се основните причини поради кои и понатаму субјектите од јавниот сектор задолжително ќе доставуваат договор за кредит со нерезидент.

[1] Дефиницијата на јавниот сектор е согласно со методологијата на Европскиот систем на сметки ЕСС 2010.